ЈКП "ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА"
Бр. 04-912
05.05 2025 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 32 од Статутот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РСМ бр.38/96.....208/24), Законот за работни односи, а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги донесен од Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп бр.02-92/2 од 28.02.2017 година и Годишниот план за вработување на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп за 2025 година заведен под бр.01-149/1 од 29.08.2024 година ,усвоен со Одлука на Совет на Општина Прилеп бр.09-2592/5 од 20.09.2024 година и позитивно мислење од МЈА бр.09-436/1 од 16.01.2025 годинаја донесувам следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги

1.Врз основа на објавениот јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување на неопределено време бр.1/2025, објавен на ден 10.04.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха",

- За пополнување на работното место „**Референт-инкасант**", шифра на работно место КДР 03 05 Б02 075, (Одделение за односи со корисници (наплата)-Сектор за технички работи и развој) со четири годишно средно образование и најмалку 2 (две) години работно искуство во струката, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **ДИМЕ РИСТЕСКИ**

- За пополнување на работното место „**Управувач на градежни машини**"-шифра на работно место КДР 03 05 Б03 019, (Одделение за водовод и одржување-Сектор за технички работи и развој), за нивото Б3 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование и најмалку една година работно искуство во струката со посебен услов: потврда/сертификат за управување со градежни машини, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **МИЛЕ СЛИВОСКИ**

- За пополнување на работното место „**Ракувач и одржувач на хидро опрема**"-шифра на работно место КДР 03 05 Б04 032, (Одделение за санитарна контрола-Сектор за технички работи и развој), со четири годишно средно образование, со или без работно искуство во струката, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **ТОНИ ДАМКОСКИ**

ЈКП "ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА"
Бр. _____
_____ 202 ___ год.
ПРИЛЕП

- За пополнување на работното место „**Водоинсталатер, монтер II група** “, шифра на работно место КДР 03 05 В01 006, (Одделение за водовод и одржување-Сектор за технички работи и развој), со најмалку ниво на квалификации I или основно образование и најмалку една година работно искуство во струката, како и посебен услов: потврда/сетификат за ВКВ/КВ Водоинсталатер, на неопределено време, се избираат кандидатите:

  - **САШО СТОЈЧЕСКИ**
  - **ИЛО МИТЕСКИ**

- За пополнување на работното место **„НК работник“**-шифра на работно место КДР 03 05 В02 035, (Одделение за водовод и одржување-Сектор за технички работи и развој), со најмалку ниво на квалификации I или основно образование, со или без работно искуство, на неопределено време, се избира кандидатот:

  - **УТАН РЕЏЕПОСКИ**

2.Избраните кандидати ќе засноваат работен однос со работодавачот ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, на неопределено време, со склучувањето и потпишувањето на Договорот за вработување.

3.За извршениот избор да се известат сите кандидати, а на неизбраните кандидати да му бидат вратени сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор при ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, во рок од 8 (осум) дена од денот на добивањето на одлуката.

ЈКП „Водовод и канализација“
Прилеп
Директор
Игор Гулаборски

_____

ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА Прилеп